ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРАВНИЦИ
на Република Северна Македонија
Бр. 02-111
14.3. 20 24 год.
СКОПЈЕ

ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА MACEDONIAN LAWYERS

Бул."Гоце Делчев"бр.9б. 1000 Скопје, Република Северна

1968 - 2024 E-mail: mla@mla.org.mk http://www.mla.org.mk

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
СКОПЈЕ - SHKUP
02-3721/2
14-03-2024

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА
# ПОМЕЃУ
# СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

***Склучен на ден 14.03.2024 година, помеѓу***

1. Судскиот совет на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: „Советот“), Скопје, претставувано и застапувано од Претседателката, Весна Дамева и

2. Здружение на правници на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: „Здружение“) од Скопје, претставувано и застапувано од Претседателот на Здружението, проф. д-р Горан Коевски

Водени од потребата за меѓусебна соработка заради ефикасно спроведување на своите надлежности утврдени со закон и со статут;

Подготвени за ефикасна соработка која ќе придонесе за размена на искуства;

Потврдувајќи ја заедничката заложба и интерес за унапредување на образовната, научно-истражувачката и апликативно-стручната дејност;

Согласно позитивното законодавство на Република Северна Македонија, Советот и Здружението, се согласија за следното:

**Предмет**

**Член 1**

(1) Со овој Меморандум за соработка (во понатамошниот текст: „Меморандум“) се уредува сорботката помеѓу Советот и Здружението во врска со размена на знаења, искуства, едукација и усовршување на кадри од областите во кои двете страни имаат кадровски и други потенцијали и интереси.

(2) Соработката од став (1) на овој член се остварува врз основа на Законот за здруженија и фондации, актите на Здружението и на Законот за Судскиот совет на Република Северна македонија, како и другите законски или подзаконски акти на Република Северна Македонија.

### Видови на соработка

### Член 2

(1) Здружението и Советот соработуваат на полето на едукација, обука, придонес во објавување на стручни и научни трудови, давање на експертска помош при изработка на одредени проекти, анализи, предлози, како и други форми на размена на знаење и искуство во насока на истражување и развој од заеднички интерес;

(2) Здружението и Советот соработуваат во изработка на заеднички истражувачки и апликативни проекти и даваат меѓусебна поддршка во организација на семинари, научни собири, тркалезни маси и друг вид на настани од заеднички интерес;

(3) Здружението секогаш е отворено за соработка, давање на стручни мислења и пружање стручни консултации во врска со работи од надлежност на Совето, како и при спроведувањето на обуки и стручни усовршувања на членовите во Советот

(4) Советот е согласен неговите кадри на покана од Здружението да држат обуки и да учествуваат на стручни собири, советувања, семинари, работилници, средби, предавања и други облици и форми на заедничка работа и едукации организирани од страна на Здружението, во насока на соработка и реализацијата на заедничките цели.

### Начин на реализирање на соработката

### Член 4

Соработката од член 2 на овој Меморандум, ќе се остварува врз основа на поединечно доставени барања за секој одделен вид на соработка, при што ќе се утврдат условите за начинот на реализација на конкретната соработка.

### Завршни одредби

### Член 5

(1) Овој Меморандум стапува во сила со денот на неговото потпишување.

(2) Измените и дополнувањата на овој Меморандум се вршат на истиот начин како и неговото донесување.

(3) Споровите настанати во текот на спроведувањето на овој Меморандум, ќе се решаваат спогодбено помеѓу страните потписници на истиот.

(4) Меморандумот за соработка е составен во 4 (четири) истоветни примероци, од кои 2 (два) примерока за Здружението и 2 (два) примерока за Советот .

СУДСКИ СОВЕТ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
СКОПЈЕ - SHKUP

ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА MACEDONIAN LAWYERS

Бул."Гоце Делчев"бр.9б. 1000 Скопје, Република Северна

1968 - 2024 E-mail: mla@mla.org.mk http://www.mla.org.mk

Судски совет
на Република Северна Македонија

Претседателка,

Весна Дамева

---

Здружение на правници
на Република Северна Македонија

Претседател,

проф. д-р Горан Коевски

---